# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

**НА**

Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ – ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје

**СОДРЖИНА:**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | |
|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка** | **2021 година** |
| **Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември** | **2021 година** |
| **Извештај за паричните текови за** | **2021 година** |
| **Извештај за промените на главнината за** | **2021 година** |
| **Белешки кон финансиските извештаи** | **2021 година** |
| **Годишна сметка за** | **2021 година** |
| **Годишен извештај за работењето за** | **2021 година** |

Април 2022 година

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 www.bend.com.mk revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БУТЕЛ - ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД СКОПЈЕ**

**Извештај за финансиските извештаи**

На Ваше барање извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ - ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје, кои што го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2021, како и Извештајот за сеопфатна добивка за периодот, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БУТЕЛ - ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД СКОПЈЕ - продолжение**

***Мислење***

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ - ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје, заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ - ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје за годината што заврши на 31 декември 2021 година.

Тетово 18,04,2022

Овластен ревизор

Добрила Апостолова

БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово

Управител Душко Апостоловски

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА**

**НА**

Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ – ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје

**СОДРЖИНА:**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

**Извештај за сеопфатна добивка за 2021 година**

**Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември 2021 година**

**Извештај за паричните текови за 2021 година**

**Извештај за промените на главнината за 2021 година**

**Белешки кон финансиските извештаи**

Март, 2022 година

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ*
## *За годината што завршува на 31 Декември 2021 и 2020 (во 000 денари)*

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 206,064 | 182,813 |
| Останати оперативни приходи (добивка) | 5 | 1,894 | 2,419 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 7 | (51,331) | (29,310) |
| Набавна вредност на стоки и материјали | 8 | (30,053) | (29,739) |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 9 | (25,244) | (35,918) |
| Трошоци за депрецијација и амортизација | 11 | (8,706) | (7,917) |
| Вредносно усогласување | 13 | (183) | (279) |
| Нематеријални трошоци од работењето | 12 | (7,405) | (7,580) |
| Останати трошоци од работењето од редовни активности | 14 | (98) | (986) |
| Плати и надомести | 10 | (74,660) | (60,800) |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | | **10,278** | **12,703** |
| Финансиски приходи | 6 | 12 | 13 |
| Финансиски расходи | 15 | (87) | (224) |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **10,203** | **12,491** |
| Данок од добивка | 16 | (1,006) | (977) |
| **Добивка/загуба од редовно раб. по оданочување** | | **9,197** | **11,514** |
| Број на акции: | | 6,546 | 6,546 |
| **Заработка по акција (во парични единици)**<br>**Основна и разводнета** | 17 | **1,405** | **1,759** |

***Овие финансиски извештаи се одобрени од управниот одбор на ден 15.03.2022 и потпишани во негово име од***

Претседател на управен одбор

Саит Хајровиќ

Раководител на сметководство

Анкица Николовска

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ на 31 Декември 2021 и 2020 (во 000 денари)*

| Позиција | Белешка | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **115,067** | **113,462** |
| Материјални средства | 18 | 115,067 | 113,462 |
| **Тековни средства** | | **96,320** | **81,396** |
| Залихи | 19 | 31,619 | 26,687 |
| Побарувања за аванси во земјата | 20 | 44 | 43 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 21 | 63,130 | 53,596 |
| Побарувања од купувачи | 22 | 1,126 | 594 |
| Побарувања од државата и други институции | 23 | 366 | 346 |
| Побарувања од вработените | 24 | 35 | 131 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **211,386** | **194,858** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **157,192** | **147,995** |
| Запишан основен капитал | ПГ | 20,024 | 20,024 |
| Резерви | ПГ | 36,396 | 36,396 |
| Акумулирана добивка/загуба | ПГ | 91,576 | 80,062 |
| Добивка за финансиската година | БУ | 9,197 | 11,514 |
| **Тековни обврски** | | **54,195** | **46,863** |
| Обврски спрема добавувачи | 25 | 3,052 | 11,446 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | 26 | 46,798 | 30,278 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 27 | 1,463 | 1,180 |
| Обврски према вработените | 28 | 2,882 | 2,292 |
| Краткорочни финансиски обврски | 29 | - | 1,667 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **211,386** | **194,858** |

Претседател на управен одбор

Саит Хајровиќ

Раководител на сметководство

Анкица Николовска

Белешките кон финаниските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ за годината која завршува на 31.12.2021 и 31.12.2020*

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **16,765** | **28,968** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 9,197 | 11,514 |
| Амортизација | 8,706 | 7,917 |
| Отпишана вредност на продадени и расходувани материјални средства | (3,080) | (5,470) |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | (4,932) | (8,315) |
| Побарувања од купувачи | (532) | 598 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | (2) | (14) |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | (20) | (346) |
| Побарувања од вработените | 96 | (131) |
| Обврски спрема добавувачи | (8,394) | 8,233 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 16,521 | 15,593 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 293 | 247 |
| Обврски кон вработените | 590 | 480 |
| Тековни даночни обврски | (11) | (1,005) |
| Обврски по заеми и кредити | (1,667) | (333) |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(7,231)** | **(6,945)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (14,341) | (18,547) |
| Продажба и расход на материјални и нематеријални средства | 7,111 | 11,602 |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **-** | **(1,667)** |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | - | (1,667) |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **9,534** | **20,357** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **53,596** | **33,239** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **63,130** | **53,596** |

Претседател на управен одбор

Саит Хајровиќ

Раководител на сметководство

Анкица Николовска

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

***Извештај за промена на главнината на 31.декември 2021 (во 000 денари)***

| *Позиција* | *Основна главнина* | *Задржана добивка/ загуба* | *Добивка/ загуба за годината* | *Резерви* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2021** | **20,024** | **80,062** | **11,514** | **36,396** | **147,995** |
| Промена на сметководствени политики | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***20,024*** | ***80,062*** | ***11,514*** | ***36,396*** | ***147,995*** |
| **Промени на капиталот за 2021** | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 9,197 | | 9,197 |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 11,514 | (11,514) | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2021** | **20,024** | **91,576** | **9,197** | **36,396** | **157,192** |
| **Состојба на 1 јануари 2020** | 20,024 | 71,947 | 8,114 | 36,396 | **136,481** |
| Промена на сметководствени политики | | | | | **-** |
| **Промени на капиталот во 2020** | | | | | **-** |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 11,514 | | **11,514** |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 8,114 | (8,114) | | **-** |
| **Состојба на 31 Декември 2020** | **20,024** | **80,062** | **11,514** | **36,396** | **147,995** |

Претседател на управен одбор

Саит Хајровиќ

Раководител на сметководство

Анкица Николовска

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## 1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО*

**Назив и регистрација:**

Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС.

**Форма на трговското друштво :** АД

**Година на основање :** 2006

**ЕМБС:** 6123635

**Седиште, телефон, е- маил**

**Седиштето** на друштвото се наоѓа: Ул. Лазар Трповски бр 67 А Скопје Бутел

Тел: 02 2 612 060

е-маил : servis@butel.mk

**Дејност:**

Основна дејност на Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС Скопје е 96.03 погребни и слични дејности. Покрај ова друштвото е регистрирано и за вршење на дејност според регистрацијата на друштвото.

**Подружници**:

1. Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС Подружница Гробишта Камник Скопје со адреса на ул: Сингелиќ, Гази Баба
Приоритетна дејност 47.19 друга трговија на мало во неспецијализирани продавници. Овластени лица на подружницата Саит Хајровиќ Генерален Директор - Раководител на подружница

2. Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС Подружница Гробишта Ѓорче Петров Скопје со адреса на ул: Скопје - Ѓорче Петров
Приоритетна дејност 47.19 друга трговија на мало во неспецијализирани продавници. Овластени лица на подружницата Саит Хајровиќ Генерален Директор - Раководител на подружница

3. Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС Подружница Продавница Центар Скопје со адреса на ул: Железничка бб Скопје-Центар
Приоритетна дејност 47.19 друга трговија на мало во неспецијализирани продавници. Овластени лица на подружницата Саит Хајровиќ Генерален Директор - Раководител на подружница

4. Акционерско друштво за трговија на мало и големо со погребна опрема и услуги БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС Подружница Гробишта Драчево Скопје со адреса на ул: Пат за китка бр.2 Драчево Кисела Вода
Приоритетна дејност 47.19 друга трговија на мало во неспецијализирани продавници. Овластени лица на подружницата Саит Хајровиќ Генерален Директор - Раководител на подружница

Бројот на вработените на 31.12.2021 година изнесува 144 лица, на 31.12.2020 (130 лица).

**Основачи и одговорност:**

1. Акционери согласно со акционерска книга

| | |
|---|---|
| Вид на акции: | обични |
| Број на издадени акции : | 6.546 |
| Номинална вредност на една акција | 50 ЕУР |
| Запишан капитал : | 327.300 ЕУР |
| Запишан капитал во денари: | 20.023.500 денари. |
| Број на имателi | 9 |

Овластувањата и одговорноста на акционерското друштво во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување е Саит Хајровиќ Претседател на Управен Одбор без ограничување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2. Основа за составување на финансиските извештаи
### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 2 до 5 и објаснувачките белешки кон нив, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (во понатамошниот текст сметководствени стандарди прифатени во Република Македонија). Се бара финансиските извештаи составени според важечките прописи да ја одразуваат примената на целокупните (деталните) прописи што се однесуваат на примената на сметководствените принципи. Во извесни случаи претпријатието може да изврши избор на одредена сметководствена политика во рамките на пропишаните сметководствени политики; во други случаи претпријатието може самостојно да одлучува дали, или нема да ја примени пропишаната сметководствена политика.

Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во соодветните пресметковни периоди.

Финансиските извештаи за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година на Друштвото ги презентираат финансиската состојба, резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот на сите организациони единици на територијата на Република Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

Финансиските извештаи за друштвото се поединечни.

## 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на реваloризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Македонија и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност .

## 2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

## 2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу.

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи, се конзистентни со оние применети при составувањето на финансиските извештаи за 2020 година, доколку поинаку не е наведено во натамошниот текст.

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија бара од раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба. Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувањата и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајните сметководствени политики и соодветни објаснувачки белешки се однесуваат на обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

### 3.1. Приходи

Во согласност со прописите, приходите од работењето и останатите соодветни приходи се искажани по фактурна вредност, во моментот на нивното настанување. Ова значи дека приходите се мерат по објективна вредност на добиениот надоместок или побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

### 3.1.1. Приходите од продажба на производи и услуги

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати.

Приходот се признава во билансот на успех кога:

- На купувачот се пренесени значајни ризици и користи од сопственоста над производите;
- Друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- Износот на приходите приходите може веродостојно да се измерат;
- Е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат односно кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото
- Трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со трансакцијата може со сигурност да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

### 3.1.2. Исправка на побарувањата на товар на трошоците

За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

### 3.1.3. Приходите од продажба на кредит

Приходите од продажба на кредит се признаваат во целост во корист на вкупниот приход во периодот во кој испораката е извршена.

### 3.1.4. Останатите приходи

Останатите приходи претставуваат приходи кои не потекнуваат од основната дејност на Друштвото.

### 3.1.5. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.
Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

## 3.2. Расходи

### 3.2.1. Трошоци на реализација и расходи

Трошоците на реализација ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои се директно поврзани со остварената реализација (приход под точка 3.1.), и нивната висина е зависна од висината на реализацијата.

Трошоците се признаваат во зависност од степенот на извршување на датумот на сочинување на билансот.

Општи, административни и трошоци на продажба ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои не се директно поврзани со остварената реализација,што значи дека нивната висина е независна од висината на реализацијата.

Друштвото се придржува до следните критериуми при признавање на расходите :

- Расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;
- Расходите имат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- Кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавање на расходите се извршува со постапка на разумна алокација на пресметковни периоди;
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанало обврска, а нема услови да се признае како позиција на активата.

### 3.2.2. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

Ентитетот ги капитализира трошоците за позајмување кои можат да се припишат на стекнувањето, изградбата или производството на средство кое се квалификува, како дел од набавната вредност на тоа средство. Овие трошоци се капитализираат како дел од набавната вредност на одредено средство кога е веројатно дека тие ќе резултираат во идни економски користи за ентитетот и дека таквите трошоци ќе можат веродостојно да се измерат.

### 3.2.3. Пресметување на средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи во годината на која се однесуваат.
Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута на 31 декември 2021 и 2020 година се како следи:

| | ***2021*** | ***2020*** |
|---|---|---|
| *ЕУР* | *61.6270* | *61.6940* |
| *УСД* | *54.3736* | *50.2353* |
| *ГБП* | *73.4267* | *68.3136* |

### 3.2.4. Данок на добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото. Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Даночната основа за пресметување на данокот на добивка претставува износот на добивката која се утврдува во даночниот биланс. Основата за пресметување на данокот на добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководство и сметководствените стандарди. Искажаниот финансиски резултат од билансот на успех се зголемува за непризнаените расходи и помалку утврдени приходи утврдени со законот за данок на добивка.

Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2020: 10%).
Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечките законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на билансот на состојба.

### 3.3. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

### 3.4. Нематеријални и материјални вложувања

### 3.4.1. Недвижности постројки и опрема

### 3.4.1.1. Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Последователно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какво оштетување на вредноста. Во изминатиот период, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.
Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.
Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

### 3.4.1.2. Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.
Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2021 година во однос на 2020 година се следните:

| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Недвижности | 2.5-10 % | 2.5-10 % | 10-40 години | 10-40 години |
| Постројки и опрема | 10 % | 10 % | 10 години | 10 години |
| Транспортни средства | 10-25 % | 10-25 % | 4-10 години | 4-10 години |
| Компјутерска опрема | 25 % | 25 % | 4 години | 4 години |
| Канцелариски мебел | 20 % | 20 % | 5 години | 5 години |

### 3.4.2. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина. Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување. Последователно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.
Амортизацијата на нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2021 година изнесува 20% годишно (2020: 20% годишно).

### 3.4.3. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

### 3.5. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

### 3.6. Побарувања по основ на продажба и останати побарувања

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност согласно издадени фактури за испорака и монтажа на производите и фактури за извршени услуги, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.
Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

### 3.7.Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.
Потрошокот на суровини и материјали и стоки се води по просечни цени.

Доколку набавната вредност или цената на чинење е повисока од нето продажната вредност залихите се сведуваат на нето продажната вредност.

### 3.8. Вложувања во подружници

Вложувањата во подружници се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност. Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во други друштва.

### 3.9. Вложувања во хартии од вредност

Друштвото вложувањата ги категоризира како вложувања расположиви за продажба и вложувања кои се чуваат до доспевање. Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Вложувањата кои се чуваат до доспевање се состојат од вложувања во краткорочни хартии од вредност (државни записи или благајнички записи) издадени од страна на државата или Народна Банка на Република Македонија и кои Друштвото ги чува во своето портфолио до нивното доспевање заради остварување на приходи од камати. Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка. Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Последователно, сите вложувања кои се чуваат до доспевање се признаваат според амортизирана набавна вредност користејќи ја методата на ефективна каматна стапка.
Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

### 3.10. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

### 3.11. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансисрање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

### 3.12. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои ги поседува истото се третираат како сопствени (трезорски) акции, се признаваат по нивната набавна вредност и се презентираат како намалување на капиталот на Друштвото. Сопствените акции се стекнуваат со нивно откупување на секундарниот пазар на хартии од вредност (берза) по тековни берзански цени со претходно донесени одлуки за нивно стекнување од страна на надлежните органи на управување на Друштвото. Стекнатите сопствени акции се признаваат по нивната набавна вредност во која што се вклучени и трансакционите трошоци (провизии) направени за нивното стекнување. Сопствените акции се отуѓуваат по пат на нивно повторно издавање (јавна понуда), како и со нетрговски преноси (залог и сл) согласно одредбите на Законот за хартии од вредност. Разликата што се јавува при отуѓувањето на сопствените акции помеѓу нивната набавна и продажна вредност се признава како премија на емитирани акции и се прикажува во рамките на вкупниот капитал на Друштвото.

(3) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на реваloризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

(4) Реваloризациона резерва

Реваloризационата резерва се формира врз основа на извршената реваloризација согласно изнесеното во точка 3.4. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на реваloризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

### 3.13. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во билансот на успех на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се

предмет на оперативен наем во билансот на состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности.

### 3.14. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

### 3.15. Резервации и неизвесности

(1) Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

(2) Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе

неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

### 3.16. Финансиски ризици и управување со финансиски ризици

#### 3.16.1. Пазарен ризик

**а) Ризик од курсни разлики**

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид ризик. Според ова Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое е сепак ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен. Можниот ефект е даден во табелата подолу.

**б) Ценовен ризик**

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретните вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувањата во хартии од вредност и удели. Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположиви за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

**б) Каматен ризик**

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото има користено вакви кредити и позајмици, може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото нема начин истиот да го намали.

#### 3.16.2. Ликвидносен ризик

Управувањето со ликвидносен ризик е централизирано во Друштвото.
Ликвидносниот ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребна готовина за сервисирање на своите обврски, и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.
Друштвото не користи финансиски деривативи.

#### 3.16.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства депозити во банки и финансиски институции, како и кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од продажба, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.
Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на друштвото. Во случај на неплаќање, Друштвото престанува со продажба

на услуги на клиентите. Исто така, Друштвото нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите. Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Друштвото спроведува дејства: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби и сл. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

### 3.16.4. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на одобрување на овие финансиски извештаи, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2021 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност. Раководството на Друштвото нема сознанија за било какви дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

### 3.16.5. Управување со капиталниот ризик

Целите на Друштвото во врска со управувањето со капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси на сопствениците.

### 3.17. Утврдување на објективна вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективна вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположиви пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствената вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и одтука за истите во моментов не се расположиви пазарни цени. Како резултат на отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.
Раководството смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при пазарни услови.

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.
Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба,

со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба.

### 3.18. Континуитет

Друштвото постојано врши анализа во однос на принципот на континуитет и не се очекуваат неусогласености и напуштање на работењето или дејноста во наредниот период. Во иднина се очекува зголемување на обемот на работа и продолжување на својата дејност согласно со принципот на континуитет.

### 3.19. Финаниски инструменти

### 3.19.1. Ризик од финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити со цел да обезбеди соодветен повраг на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа

| | **во илјада денари** | |
|---|---|---|
| | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Обврски по кредити | - | 1,667 |
| Пари и парични еквиваленти | 63,130 | 53,596 |
| Нето обврски (пари) | (63,130) | (51,929) |
| Вкупен капитал | 157,192 | 147,995 |
| % на задолженост | 0% | -35.09% |

### 3.19.2. Ризик од девизна валута

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Друштвото претежно е изложено на ЕУР.

| | **Средства** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| ЕУР | 16 | 15 | 1,537 | 3,028 |
| УСД | | | | |
| ГБП | | | | |
| | **16** | **15** | **1,537** | **3,028** |

| | **Зголемувања за 10%** | | **Намалувања за 10%** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| ЕУР | (154) | (303) | 154 | 303 |
| УСД | - | - | - | - |
| ГБП | - | - | - | - |
| **Нето Ефект** | **(154)** | **(303)** | **154** | **303** |

### 3.19.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик се јавува во случај кога купувачите на Друштвото нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Побарувањата од купувачи се состојат од голем број на поединечни салда. Овие побарувања не се обезбедени со било какво обезбедување во форма на меници, гаранции или друг вид на колатерал.

Структурата на побарувања од купувачи според нивната доспеаност на 31 декември 2021 е како што следува:

| Во (000) денари | Бруто износ | Исправка на вредноста | Нето износ |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | | | |
| Доспеани побарувања | | | |
| - до 1 година | 1,170 | | 1,170 |
| - од 1 до 3 години | | | |
| - над 3 години | | | |

Структурата на побарувања од купувачи според нивната доспеаност на 31 декември 2020 е како што следува:

| Во (000) денари | Бруто износ | Исправка на вредноста | Нето износ |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | | | |
| Доспеани побарувања | | | |
| - до 1 година | 636 | | 636 |
| - од 1 до 3 години | | | |
| - над 3 години | | | |

### 3.19.4 Ризик од промена на каматите

Друштвото е изложено на ризик од промените на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштво или банки договорени по варијабилни каматни стапки.
Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годината е како што следува:

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| | Тековна година | Претходна година |
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| - Парични средства | 63,130 | 53,596 |
| - Побарувања од купувачи | 1,170 | 636 |
| - Останати побарувања | 400 | 477 |
| | **64,700** | **54,709** |

**Финансиски обврски**

| | | |
|---|---|---|
| *Некаматоносни* | | |
| - Обврски кон добавувачи | 49,850 | 41,724 |
| - Останати тековни обврски | 4,344 | 3,472 |
| | **54,195** | **45,196** |
| *Каматоносни со променлива камата* | | |
| - Кредити од банки | - | 1,667 |
| | **-** | **1,667** |
| | **54,195** | **46,863** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 2% поени на каматните стапки на користените кредити и дадени депозити во банки. Анализата е направена на салдата на обврски за кредити и дадени депозити на датумот на билансот на состојба. позитивните износи се зголемување на добивката а негативните се намалување на добивката за соодветниот период.

| | **Зголемување за 2% поени** | | **Намалување за 2% поени** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна година** | **Претходна година** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Земени кредити | - | (33) | - | 33 |
| Дадени кредити | - | - | - | - |
| | **-** | **(33)** | **-** | **33** |

### 3.19.5. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година според нивната доспеаност:

| | **До 1 месец** | **1-3 месеци** | **3-12 месеци** | **Над 12 месеци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 63,130 | | | | 63,130 |
| Купувачи | | 1,170 | | | 1,170 |
| Останати побарувања | | 400 | | | 400 |
| | **63,130** | **1,571** | **-** | **-** | **64,700** |
| Добавувачи | | 49,850 | | | 49,850 |
| Останати обврски | | 4,344 | | | 4,344 |
| | **-** | **54,195** | **-** | **-** | **54,195** |

**Други објаснувачки белешки**
**Овие белешки се изразени во 000 денари освен ако не е поинаку наведено**

## ПРИХОДИ

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **4.ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 204,540 | 181,828 |
| Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци | 1 | - |
| Приходи од наемнини | 1,522 | 986 |
| **ВКУПНО** | **206,064** | **182,813** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **5.ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства | 1,647 | 1,750 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 43 | - |
| Останати приходи од работењето | 204 | 668 |
| **ВКУПНО** | **1,894** | **2,419** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **6.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 10 | 5 |
| Останати финансиски приходи | 2 | 8 |
| **ВКУПНО** | **12** | **13** |

## РАСХОДИ

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **7.ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Трошоци за суровини и материјали (за производство) | 32,593 | 15,591 |
| Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба) | 12,506 | 7,670 |
| Трошоци за енергија (за производство) | 1,631 | 55 |
| Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба) | 3,149 | 4,133 |
| Трошоци за резервни делови, и материјали (за администрација, управа и продажба) | 1 | 1 |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство) | - | 39 |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба) | 1,451 | 1,822 |
| **ВКУПНО** | **51,331** | **29,310** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **8.НАБАВНА ВРЕДНОСТ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Набавна вредност на продадени добра (стоки) | 30,053 | 29,739 |
| **ВКУПНО** | **30,053** | **29,739** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **9.ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Транспортни услуги | 293 | 450 |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 967 | 821 |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | 7,272 | 20,414 |
| Услуги за одржување и заштита | 5,741 | 8,469 |
| Наем - лизинг | 831 | 693 |
| Комунални услуги | 561 | 550 |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | - | 5 |
| Останати услуги | 9,579 | 4,516 |
| **ВКУПНО** | **25,244** | **35,918** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **10.ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство) | 200 | - |
| Плата и надоместоци на плата - бруто (за администрација, управа и продажба) | 72,402 | 56,817 |
| Останати трошоци за вработените | 2,059 | 3,984 |
| **ВКУПНО** | **74,660** | **60,800** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **11.ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Трошоци за амортизација | 8,706 | 7,917 |
| **ВКУПНО** | **8,706** | **7,917** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **12.ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 1,164 | 985 |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | 50 | 40 |
| Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор,одбор на директори и управители | 600 | 566 |
| Трошоци за спонзорства и донации | 425 | 979 |
| Трошоци за репрезентација | 985 | 815 |
| Трошоци за осигурување | 730 | 720 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 1,113 | 988 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 273 | 239 |
| Останати трошоци на работењето | 2,064 | 2,248 |
| **ВКУПНО** | **7,405** | **7,580** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **13.ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања | 46 | 242 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на залихи | 137 | 37 |
| **ВКУПНО** | **183** | **279** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **14.ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематеријални и материјални средства | - | 835 |
| Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | - | 130 |
| Останати расходи од работењето | 98 | 21 |
| **ВКУПНО** | **98** | **986** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **15.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 50 | 179 |
| Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 37 | 45 |
| **ВКУПНО** | **87** | **224** |

**16.Данок на добивка**

При оданочувањето на добивката за 2021 и 2020 година како основа се зема финансискиот резултат во Билансот на успех корегиран за непризнаени расходи за даночни цели. Во продолжение ги даваме податоците за 2021 година со споредбени податоци за 2020 година.

Во 000 МКД

| ***УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА*** | ***2021*** | ***2020*** |
|---|---|---|
| ***Финансиски резултат во Биланс на успех*** | ***10,203*** | ***12,491*** |
| ***Непризнаени расходи за даночни цели*** | ***2,005*** | ***5,283*** |
| *Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ* | *30* | *26* |
| *Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД* | *-* | *2,356* |
| *Трошоци за репрезентација* | *887* | *733* |
| *Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД* | *215* | *800* |
| *Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени* | *182* | *62* |
| *Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата* | *92* | *19* |
| *Траен отпис на ненаплатени побарувања* | *46* | *242* |
| *Преостанатата сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи* | *-* | *835* |
| *Други усогласувања на расходи* | *553* | *209* |
| ***Даночна основа*** | ***12,208*** | ***17,774*** |
| ***Даночна основа по намалување*** | *12,208* | *17,774* |
| ***Пресметан данок на добивка*** | ***1,221*** | ***1,777*** |
| ***Намалување на пресметаниот данок на добивка*** | *215* | *800* |
| ***Пресметан данок по намалување*** | ***1,006*** | ***977*** |

**17.ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА**

| **заработувачка по акција** | **2021**<br>**(000) МКД** | **2020**<br>**(000) МКД** |
|---|---|---|
| **Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции** | | |
| Нето добивка за годината | **9,197** | **11,514** |
| **Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции** | **9,197** | **11,514** |

| | **број на акции** | |
|---|---|---|
| | **2021** | **2020** |
| Пондериран просечен број на обичните акции | | |
| Издадени обични акции на 1 јануари | 6,546 | 6,546 |
| **Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември** | **6,546** | **6,546** |

| | | |
|---|---|---|
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **1,404.97** | **1,758.95** |

## ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА

### 18.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во 000 мкд

| Опис | Градежни објекти | Опрема | Алат, погонски и канцелариски инвентар | Вложувања во туѓи недвижности | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година)** | **168,116** | **12,675** | **35,968** | **733** | **217,492** |
| Зголемување | 3,141 | 1,576 | 9,624 | | 14,341 |
| Намалување | | | 7,111 | | 7,111 |
| **Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година)** | **171,257** | **14,251** | **38,481** | **733** | **224,723** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година)** | **67,471** | **10,706** | **25,671** | **182** | **104,030** |
| Амортизација | 4,579 | 401 | 3,652 | 73 | **8,706** |
| Намалување | | | 3,080 | | **3,080** |
| Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година) | **72,050** | **11,107** | **26,243** | **255** | **109,656** |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2021 (тековна година)*** | **99,207** | **3,144** | **12,238** | **478** | **115,067** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2021 (тековна година)*** | **100,645** | **1,969** | **10,297** | **551** | **113,462** |
| | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година)** | **165,223** | **12,129** | **32,461** | **733** | **210,547** |
| Зголемување | 6,412 | 561 | 11,574 | | 18,547 |
| Намалување | 3,520 | 16 | 8,067 | | 11,602 |
| **Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година)** | **168,116** | **12,675** | **35,968** | **733** | **217,492** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година)** | **65,668** | **10,376** | **25,431** | 109 | **101,583** |
| Амортизација | 4,506 | 346 | 2,991 | 73 | 7,917 |
| Намалување | 2,703 | 16 | 2,751 | | 5,470 |
| **Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година)** | **67,471** | **10,706** | **25,671** | **182** | **104,030** |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020 (претходна година)*** | **100,645** | **1,969** | **10,297** | **551** | **113,462** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020(претходна година)*** | **99,556** | **1,753** | **7,031** | **625** | **108,964** |

## ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

### ЗАЛИХИ

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **ЗАЛИХА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Суровини и материјали на залиха | 22,938 | 18,043 |
| **ВКУПНО** | **22,938** | **18,043** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Ситен инвентар во употреба | 2,352 | 1,714 |
| Автогуми во употреба | 575 | 642 |
| Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите | (2,927) | (2,356) |
| **ВКУПНО** | **-** | **-** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **СТОКИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Стоки на залиха | 8,682 | 8,644 |
| **ВКУПНО** | **8,682** | **8,644** |

| | | |
|---|---|---|
| **19.СЕ ВКУПНО ЗАЛИХИ** | **31,619** | **26,687** |

## АВАНСИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **20.АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата | 44 | 43 |
| **ВКУПНО** | **44** | **43** |

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА , ЕКВИВАЛЕНТИ И ПОБАРУВАЊА

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **21.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Парични средства на трансакциски сметки во денари | 62,847 | 53,065 |
| Парични средства во благајна | 268 | 515 |
| Девизни сметки | 16 | 15 |
| **ВКУПНО** | **63,130** | **53,596** |

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| **22.ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Побарувања од купувачи во земјата | 1,126 | 594 |
| **ВКУПНО** | **1,126** | **594** |

| 23.ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Данок на додадена вредност | 356 | 224 |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | 10 | 122 |
| **ВКУПНО** | **366** | **346** |

| 24.ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Останати побарувања од вработените | 1 | 0 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од вработените | 34 | 130 |
| **ВКУПНО** | **35** | **131** |

## КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| 25.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 1,515 | 10,085 |
| Обврски спрема добавувачи од странство | 1,537 | 1,361 |
| **ВКУПНО** | **3,052** | **11,446** |

| 26.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата | 46,798 | 30,278 |
| **ВКУПНО** | **46,798** | **30,278** |

| 27.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | 85 | 96 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата | 1,378 | 1,085 |
| **ВКУПНО** | **1,463** | **1,180** |

| 28.ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Обврски за плата и надоместоци на плата | 2,882 | 2,292 |
| **ВКУПНО** | **2,882** | **2,292** |

| 29.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | во илјада денари<br>Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Краткорочни кредити и заеми во земјата | - | 1,667 |
| **ВКУПНО** | **-** | **1,667** |

## 30.АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

| | 2021<br>Бр. на акции | 2020<br>Бр. на акции | 2021<br>МКД (000) | 2020<br>МКД (000) |
|---|---|---|---|---|
| Обични акции со право на глас | 6.546 | 6.546 | 20.024 | 20.024 |
| **Вкупно обични акции** | **6.546** | **6.546** | **20.024** | **20.024** |

Номиналната вредност на една акција изнесува 50 ЕУР.

Следните акционери имаат сопственост над 5% од акциите кои носат право на глас со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година:

| **Акционер** | **2021 %** | **2020 %** |
|---|---|---|
| Драгољуб Гроздановски | 41.26% | 41.26% |
| Саит Хајровиќ | 52.86% | 52.47% |

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Друштвото има издадено само обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

## 31.ПОВРЗАНИ СТРАНИ

во 000 денари

| Назив | Вид на поврзаност | Вид на деловниот однос | Салдо 31.12.2020 | Промет должи | Промет побарува | Салдо 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БУТЕЛ АД СКОПЈЕ | мнозинска сопственост на акционерите | добавувач | 1,462 | 15,665 | 15,225 | 1,023 |
| БУТЕЛ АД СКОПЈЕ | мнозинска сопственост на акционерите | купувач | 37 | 443 | 480 | - |

## 32.НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

### СУДСКИ СПОРОВИ

На датумот на овие финансиски извештаи, не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Друштвото редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековни спорови. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Друштвото верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

### ХИПОТЕКИ, ОБЕЗБЕДЕУВАЊА

На недвижниот имот на друштвото - градежните објекти е засновано заложно право хипотека во корист на Комерцијална Банка врз основа на договор за рамка од 24.09.2010 и анекс од 15.08.2013 на износ од 700.000.00 ЕУР. Обезбеден со имот запишан на: ИЛ бр 100744,100718 и 102269 за КО Бутел сопственост на АД Бутел Погребен Сервис Скопје.

## 33.НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2021 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

БУТЕЛ-ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД
бр. 02- 1146
29.06.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 ст.2 т.1, член 408 ст.1 т.10, член 478 од Законот за трговските друштва, член 57 и 58 од Статутот на БУТЕЛ Погребен Сервис АД Скопје, собранието на акционери на Друштвото на седница на ден 29.06.2022год донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на Извештајот за извршената ревизја на финансиските извештаи на

БУТЕЛ-Погребен Сервис АД Скопје за 2021 год

**Член.1**

**Се усвојува** Извештајот на ревизорите за финансиските извештаи на БУТЕЛ-Погребен Сервис АД Скопје за 2021 год, изготвен од овластени ревизори на БЕНД ревизија и консалтинг ДОО Тетово според ЗТД, приложените финансиски извештаи од раководниот тим, Статутот на Друштвото

Финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на БУТЕЛ Погребен Сервис АД Скопје

**Член.2**

Извештајот од член 1 на оваа одлука едногласно е усвоен од членовите на Управен и Надзорен Одбор на Друштвото.

**Член 3**

Одлуката **се донесе** со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Годишно собрание на акционери

**Член.4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето

**Претседавач на Собрание на Акционери**

**/ Саит Хајровиќ /**

БУТЕЛ ПОГРЕБЕН СЕРВИС СКОПЈЕ